# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 12 Декември 2022 година Скопје Бр.16 Год. XVII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за обезбедување на услови за одржливост и функционирање на Регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер ....................стр.2
2. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации ....................стр.4
3. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина ....................стр.6


Декември 2022 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за обезбедување на услови за одржливост и функционирање на регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер**

**Се објавува Одлуката за обезбедување на услови за одржливост и функционирање на регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 22-та седница на Советот, одржана на ден 12.12.2022 година.**

**Број 09-2312/1**
**од 12.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 22-та седница одржана на ден 12.12.2022 година, донесе:**

**О Д Л У К А**
**за обезбедување на услови за одржливост и функционирање на регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер**

**Член 1**

**Со оваа Одлука Општина Ѓорче Петров обезбедува одржливост на регионалниот центар за ресоцијализација на деца лекувани од канцер според намената на истиот предвидена во проектот „Приказната продолжува за деца кои победиле канцер” согласно основен проект за Реконструкција на старото училиште во с.Кучково и негова пренамена во регионален центар.**

**Член 2**

**Одржливоста и функционирањето на регионалниот центар се обезбедува од страна на општината преку обезбедување на потребни финансиски и материјални средства за непречено функционирање на истиот, веднаш по завршување на градежните работи предвидени со основниот проект и по ставање на реконструираниот објект во функција.**

**Член 3**

**Општина Ѓорче Петров по завршување на градежните работи за реконструкција на објектот и по опремување на истиот, материјалните и финасиските средства за негово одржливо и непреченото функционирање ќе ги предвиди во годишната програма за остварување на социјална и детска заштита на територија на Општина Ѓорче Петров и Буџетот на општината.**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08- 2276/3**
**12.12.2022 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации**

**Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 22-та седница на Советот, одржана на ден 12.12.2022 година.**

**Број 09-2312/2**
**од 12.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 28 точка 1 од Закон за финансирање на единиците на локална („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) - Пречистен текст и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 22-та седница одржана на 12.12.2022 година донесе:**

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации

**Член 1**

**Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колоната Донации на следниот начин:**

**Се намалуваат расходите на следната потставка**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1-Основно образование | | | | | |
| 423410-прехрамбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 0 | -17.762,00 | 0 |
| 423990-други материјали | 0 | 0 | 0 | -10.000,00 | 0 |
| 425920-услуги за копирање.печатење | 0 | 0 | 0 | -12.500,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | -40.262,00 | 0 |

**И се распоредуваат на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1-Основно образование | | | | | |
| 425970-консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | +29.258,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | +29.258,00 | 0 |

**Член 2**

**Одлуката за измена на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2276/4**
**12.12.2022 година**
**С к о п ј е**

**Советот на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина**

**Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 22-та седница на Советот, одржана на ден 12.12.2022 година.**

**Број 09-2312/3**
**од 12.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 14 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 9 став 2 алинеја 2, а во врска со член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), советот на Општина Ѓорче Петров на 22-та седница одржана на 12.12.2022 година донесе**

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина**

**Член 1**

**Со оваа Одлука Општина Ѓорче Петров воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Аеродром во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор во животната средина.**

**Член 2**

**Видот на работите кои ќе бидат извршувани, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето на вршење на работите, како и условите за престанок на соработката и други прашања, ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Општина Аеродром.**

**Член 3**

**По стапување на сила на одлуката, истата да се достави до Општина Аеродром.**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-2276/5**
**12.12.2022 година**
**С к о п ј е**

**Советот на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**